**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр. 45- 964/1

Скопје, ___.____. 2021 година

21-01-2021

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Полугодишен извештај со табеларен преглед на податоците кои се однесуваат на евиденцијата и проследувањето на претставки и предлози за периодот од 01.07.2020 до 31.12.2020 година, во Генералниот секретаријат на Владата-сектор за правни работи.

Почитувани,

Генералниот секретаријат на Владата-сектор за правни работи, согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015), Ви доставува Полугодишен извештај за податоците коишто се однесуваат на евиденцијата и проследувањето на претставки и предлози за периодот од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година со табеларен преглед.

**Прилог 1:** Извештај за податоците кои што се однесуваат на евиденцијата и проследувањето на претставки и предлози за периодот од 01.07.2020 до 31.12.2020 година;

**Прилог 2:** Табела со Извештај кој се однесува на евиденцијата и проследувањето на претставки и предлози за периодот од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зекири**



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Извештај за евиденцијата и проследувањето на претставки и предлози за периодот од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година, евидентирани во Генералниот секретаријат на Владата, во секторот за правни работи:**

**Евидентирани претставки/предлози во 2020 година (период од 01.07.2020 до 31.12.2020 година) :**

Во наведениот период, во Генералниот секретаријат на Владата се евидентирани, вкупно 45 претставки и предлози, од кои: 14 се од областа на имотно -правните односи,управа и судство, 6 се од областа на пензиско-инвалидско осигурување, здравствена, социјална и детска заштита, нема претставки од областа на станбено-комуналните работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина, 5 се од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос и 20 претставки и предлози се од останатите области.

**Форма на поднесување:**

Од аспект на формата во која се доставени, 44 претставки и предлози се поднесени во писмена форма, додека нема поднесена усно на записник и 1 претставка е електронски поднесена. Согласно надлежноста на Генералниот секретаријат, истиот во законски предвидениот рок постапи по сите 45 претставки и предлози (испрати на надлежност, решени на друг начин).

**Подносители на претставките и предлозите:**

Од вкупниот број на претставки и предлози, физичките лица поднеле 39 претставки и предлози, правните лица поднеле 5 претставки, има 1 претставка поднесена од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.) и нема анонимна.

**Начинот на проследување на претставките и предлозите:** Генералниот секретаријат на Владата, согласно сопствените надлежности, по доставените претставки/предлози, во најголем дел не постапува, односно ги проследува на органите/институции на кои се однесуваат и кои се надлежни да постапуваат и тоа на следниот начин: На надлежност и постапување на надлежните органи препратени се вкупно 22 претставки и предлози, 9 претставки и предлози се одговорени на друг начин (странката не ја допрецизирала претставката, а е побарано да ја допрецизира, се откажала сама/ја повлекла, не е јасна содржината, или Генералниот секретаријат побарал произнесување од надлежната институција и сл.), 14 претставки/предлози што се проследени/одговорени по иницијатива на Народниот Правобранител .

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

- Од областа на **имотно правните односи, управата и судството** евидентирани се вкупно 14 претставки или предлози од кои сите се поднесени во писмена форма; 12 претставки и предлози се поднесени од физички лица, две (2), претставки поднесени од правни лица, други (група граѓани или застапници, полномошници) и анонимни не поднеле; 10 претставки или предлози се препратени на надлежност до надлежните органи, додека 4 се решени на друг начин.
- Од областа на **пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита**, вкупно се евидентирани 6 претставки и предлози; 6 претставки или предлози се поднесени од физички лица, нема претставка поднесена од правно лице, анонимна, или кои се поднесени од други; 5 претставки/предлози се препратени на надлежност, додека 1 претставка е решена на друг начин. Од вкупниот број сите претставки/предлози се писмено поднесени .
- Од областа на **станбено комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина** не се поднесени претставки.
- Од областа на **образованието, вработувањето и правата од работен однос**, се евидентирани вкупно 5 претставки или предлози, од кои сите се писмено поднесени; 4 се поднесени од физички лица; 1 е поднесена од правно лице; нема поднесена претставка од други лица и анонимна претставка; 3 претставки или предлози се препратени на надлежни институции, 1 решена на друг начин и 1 по иницијатива на Народниот правобранител.
- **Од останатите области** евидентирани се вкупно 20 претставки или предлози, од кои 19 се писмено поднесени додека 1 претставка е поднесена по електронски пат; 17 од физички лица, 2 од правни лица и 1 претставка е поднесена од други; 12 претставки или предлози се решени по иницијатива на Народен правобранител, 5 се решени на друг начин и 3 се препратени на надлежност.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зекири


Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

| ИЗВЕШТАЈ за податоците коишто се однесуваат на евиденцијата и проследувањето по претставки и предлози за периодот 1.7-31.12.2020 година | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на примени претставки и предлози* | | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | Забелешка |
| Примени | Пренесени | Вкупно | | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по иниијатива на МП | Постапено по иницијатива наНП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапувањеизминал | Рокот за постапувањетече | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 14 | - | 14 | Имотно правни односи, управа и судство | - | 14 | - | 12 | 2 | - | - | - | - | - | 10 | - | - | 4 | - | - | - | - | - |
| 6 | - | 6 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | - | 6 | - | 6 | - | - | | - | - | - | 5 | - | 1 | | - | - | - | - | - |
| o | - | - | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | - | - | - | | - | | | - | - | - | | - | - | | - | - | - | - | - |
| 5 | - | 5 | Образование, вработување и права од работен однос | - | 5 | - | 4 | 1 | - | | - | - | - | 3 | - | 1 | 1 | - | - | - | - | - |
| 20 | - | 20 | останато | | 44 | 1 | 17 | 2 | 1 | | - | - | - | 3 | - | 12 | 5 | - | - | - | - | - |
| 45 | - | 45 | Вкупно: | - | 44 | 1 | 39 | 5 | 1 | | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 14 | 10 | - | 0 | 0 | 0 | - |